**ЗАПИСНИК**
**од педесет и третата седница на Совет на Општина Гевгелија**
**одржана на 13.11.2020 година**

На педесет и третата седница на Советот на општината која се одржа со почеток во 11 часот присуствуваа 17 члена на Советот од вкупно 19 члена колку што брои Советот.

**Покрај членовите на Советот на седницата беа поканети и присуствуваа:**
**Сашо Поцков Градоначалник на општината , Лилјана Кичукова вработена во општината , Митко Дојчинов вработен во општината, Тони Аврамов директор на СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија и Елизабета Стојменова директор на ЈОУДГ "Детска Радост"-Гевгелија .**

Откако констатираа дека постои кворум за полноважно одлучување,Претседателот на Совет, Тодор Ристов ја отвори педесет и третата седница на Совет на Општина Гевгелија.

Претседателот отвори расправа по записникот од педесет и првата седница одржана на **29.10.2020** година.

**Тодор Ристов Претседател на Совет** даде забелешка по записникот и тоа по предлогот на советникот Камов има техничка грешка во бројките и тие треба да се корегират а другата забелешка е во делот на предлогот од страна на советничката група на ВМРО-ДПМНЕ да биде вметната и дискусијата на епидемиологот Д-р Сашко Олумчев.Исто така и на страна пет по точка 11 која беше информација да се исфрли пасусот кој што е додаден бидејќи немаше гласање по оваа точка.

Претседателот го стави на гласање записникот од педесет и првата седница со забелешките и **Советот едногласно го усвои.**

Претседателот отвори расправа по записникот од педесет и втората(свечена) седница одржана на **07.11.2020** година.

Бидејќи немаше забелешки претседателот го стави на гласање записникот од педесет и втората(свечена) седница со забелешките и **Советот едногласно го усвои**

За работа на педесет и третата седница на Совет ,е предложен следниот

**ДНЕВЕН РЕД:**

1.Предлог-Измени и дополнувања на Буџетот на Општина Гевгелија за 2020 година,

2.Предлог-Програма за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште во општина Гевгелија за 2020 година,

3.Предлог-Програма за измена и дополнувања на Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општински патишта и улици во општина Гевгелија за 2020 година,

4.Предлог-Решение за усвојување на Измените и дополнувањата на финансовиот план за 2020 година на СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија,

5.Предлог-Решение за усвојување на Измените и дополнувањата на финансовиот план за 2020 година на ООУ "Владо Кантарџиев"-Гевгелија,

6.Предлог-Решенија за усвојување на Измените и дополнувањата на финансовиот план за 2020 година на ООУ "Крсте Мисирков"-Гевгелија,

7.Предлог-Решение за усвојување на Измените и дополнувањата на финансовиот план за 2020 година на ООУ "Ристо Шуклев"-Негорци,

8. Предлог-Решенија за усвојување на Измените и дополнувањата на финансовиот план за 2020 година на ООУ "Климент Охридски"-Миравци,

9. Предлог-Решение за усвојување на Измените и дополнувања на финансовиот план за 2020 година на ООМУ "Васо Карајанов"-Гевгелија,

10. Предлог-Решение за усвојување на Измените и дополнувањата на финансовиот план за 2020 година на ЈОУ Библиотека "Гоце Делчев"-Гевгелија,

11.Предлог-Решение за усвојување на Измените и дополнувањата на финансовиот план за 2020 година на ЈОУ работнички универзитет "Кирил и Методија"-Гевгелија,

12. Предлог-Решение за усвојување на Измените и дополнувањата на финансовиот план за 2020 година на ЈОУДГ "Детска радост"-Гевгелија.

13.Предлог-Одлука за одобрување на Планот за програми за развој на Општина Гевгелија за 2021 година,

14. Предлог-Одлука за давање согласност на Измените на Годишниот план за вработување во Општина Гевгелија за 2020 година

Дополнително ви се доставени точките:

-Предлог-Одлука за основање на заедничко јавно претпријатие за заловување и третман на бездомни кучиња.

-Предлог-Статутарна Одлука за дополнување на Статутот на Општина Гевгелија,

-Предлог-Одлука за усвојување на Иницијативата за дополнување на Деловникот на Советот на Општина Гевгелија.

**Тодор Ристов Претседател на Совет** отвори претрес по предложениот дневен ред .

**Ристо Камов член на Совет** предложи точките од реден број 1 до 12 да се разгледуваат заедно а да се гласаат поединечно.

**Сашо Поцков Градоначалник на општината** предложи точката под реден број 15 да се симне од Дневен ред за понатамошна доработка и бидејќи градоначалникот е предлагач оваа точка беше симнета од Дневен ред

Претседателот во однос на предлогот на советникот Ристо Камов, бидејќи има претставници од образовните институции предложи заеднички да се разгледуваат само точките под реден број 1,2 и 3 а да се гласаат поединечно и **Советот овој предлог едногласно го усвои.**

Претседателот го стави Дневниот ред на гласање и **Советот едногласно го усвои** и се премина кон расправа по точките.

**Точка 1. Предлог-Измени и дополнувања на Буџетот на Општина Гевгелија за 2020 година.**

Претседателот отвори претрес по точките 1 2 и 3.

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Лилјана Кичукова вработена во општината,Димитар Дојчинов вработен во општината , Марија Магдинчева Шопова ,Трајко Арџанлиев,Магдалена Делковска и Ристо Камов членови на Совет .**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ги стави на гласање Предлог-Измените и дополнувања на Буџетот на Општина Гевгелија за 2020 година и **Советот со 11 гласа за и 6 гласа воздржани го усвои .**

**Точка 2. Предлог-Програма за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште во општина Гевгелија за 2020 година.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Програмата за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште во општина Гевгелија за 2020 година и **Советот со 10 гласа за ,5 против и 2 воздржани ја усвои .**

**Точка 3. Предлог-Програма за измена и дополнувања на Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општински патишта и улици во општина Гевгелија за 2020 година.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Програмата за измена и дополнувања на Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општински патишта и улици во општина Гевгелија за 2020 година и **Советот со 11 гласа за ,5 против и 1 воздржан ја усвои .**

**Точка 4. Предлог-Решение за усвојување на Измените и дополнувањата на финансовиот план за 2020 година на СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Решението за усвојување на Измените и дополнувањата на финансовиот план за 2020 година на СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија.

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Тони Аврамов директор на СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија,Марија Магдинчева Шопова член на Совет.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за усвојување на Измените и дополнувањата на

финансовиот план за 2020 година на СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија и **Советот со 11 гласа за и 3 воздржани го усвои.**

**Точка 5. Предлог-Решение за усвојување на Измените и дополнувањата на финансовиот план за 2020 година на ООУ "Владо Кантарџиев"-Гевгелија.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Решението за усвојување на Измените и дополнувањата на финансовиот план за 2020 година на ООУ "Владо Кантарџиев"-Гевгелија.

Тодор Ристов Претседател на Совет-Бидејќи дел од директорите моментално не се присутни а присуствуваа на комисиите и ги образложија своите точки предлагам точките по кои нема да има присутни претсавници да не се симнуваат од Дневен ред односно да се разгледуваат и да се гласа по нив и **Советот едногласно го усвои овој предлог.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за усвојување на Измените и дополнувањата на финансовиот план за 2020 година на ООУ "Владо Кантарџиев"-Гевгелија и **Советот со 11 гласа за, 1 воздржан и 1 не гласал го усвои.**

**Точка 6. Предлог-Решенија за усвојување на Измените и дополнувањата на финансовиот план за 2020 година на ООУ "Крсте Мисирков"-Гевгелија.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за усвојување на Измените и дополнувањата на финансовиот план за 2020 година на ООУ "Крсте Мисирков"-Гевгелија и **Советот со 10 гласа за, 3 воздржани и 2 не гласале го усвои.**

**Точка 7. Предлог-Решение за усвојување на Измените и дополнувањата на финансовиот план за 2020 година на ООУ "Ристо Шуклев"-Негорци.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за усвојување на Измените и дополнувањата на финансовиот план за 2020 година на ООУ "Ристо Шуклев"-Негорци и **Советот со 11 гласа за,4 воздржани и 1 не гласале го усвои.**

**Точка 8. Предлог-Решенија за усвојување на Измените и дополнувањата на финансовиот план за 2020 година на ООУ "Климент Охридски"-Миравци.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Решението за усвојување на Измените и дополнувањата на финансовиот план за 2020 година на ООУ "Климент Охридски"-Миравци.

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Зоран Лазаровски,Ристо Камов членови на Совет .**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за усвојување на Измените и дополнувањата на

финансовиот план за 2020 година на ООУ "Климент Охридски"-Миравци година и **Советот со 12 гласа за и 5 воздржани го усвои.**

**Точка 9. Предлог-Решение за усвојување на Измените и дополнувања на финансовиот план за 2020 година на ООМУ "Васо Карајанов"-Гевгелија.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за усвојување на Измените и дополнувања на финансовиот план за 2020 година на ООМУ "Васо Карајанов"-Гевгелија и **Советот со 12 гласа за ,1 против ,2 воздржани и 1 не гласал го усвои.**

**Точка 10. Предлог-Решение за усвојување на Измените и дополнувањата на финансовиот план за 2020 година на ЈОУ Библиотека "Гоце Делчев"-Гевгелија.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за усвојување на Измените и дополнувањата на финансовиот план за 2020 година на ЈОУ Библиотека "Гоце Делчев"-Гевгелија и **Советот со 13 гласа за ,1 воздржан и 1 не гласал го усвои.**

**Точка 11. Предлог-Решение за усвојување на Измените и дополнувањата на финансовиот план за 2020 година на ЈОУ работнички универзитет "Кирил и Методија"-Гевгелија.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за усвојување на Измените и дополнувањата на финансовиот план за 2020 година на ЈОУ работнички универзитет "Кирил и Методија"-Гевгелија и **Советот со 16 гласа за и 1 воздржан го усвои.**

**Точка 12. Предлог-Решение за усвојување на Измените и дополнувањата на финансовиот план за 2020 година на ЈОУДГ "Детска радост"-Гевгелија.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Решението за усвојување на Измените и дополнувањата на финансовиот план за 2020 година на ЈОУДГ "Детска радост"-Гевгелија

Во претресот по оваа точка учествуваа:**Елизабета Стојменова директор на ЈОУДГ "Детска Радост"-Гевгелија .**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за усвојување на Годишниот извештај за работа на ЈОУДГ "Детска Радост"-Гевгелија за 2019/2020 година и **Советот едногласно го усвои.**.

**Точка 13. Предлог-Одлука за одобрување на Планот за програми за развој на Општина Гевгелија за 2021 година.**

Во претресот по оваа точка учествуваа:**Димитар Дојчинов вработен во општината,Ристо Камов ,Магдалена Делковска членови на Совет и Сашо Поцков Градоначалник на општината.**

**Ристо Камов член на Совет** даде предлог за измена во одлуката за Планот за програми за развој на Општина Гевгелија со додавање на нова точка во програмата ,точка 10 која ќе гласи Програма за развој со под точка МГ0 Центар за развој на човечки ресурси кој претставува обврска по законот за образование на

возрасните и со формирање на ваков општински центар за развој на човечки ресурси важи работата на некои институции кои се формирани од Општина Гевгелија.

**Сашо Поцков Градоначалник на општината** - За мене предогот на советникот Камов е прифатлив но меѓутоа бидејќи во развојните програми секоја точка носи финансиски импликации предлагам да влезе овој предлог во програмата со симболична сума од 100 000 денари а потоа ќе имаме можност во текот на годината со ребаланси ако има потреба да ја зголемиме таа сума.

Претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за одобрување на Планот за програми за развој на Општина Гевгелија за 2021 година и **Советот со 12 гласа за и 4 против ја усвои.**

**Точка 14. Предлог-Одлука за давање согласност на Измените на Годишниот план за вработување во Општина Гевгелија за 2020 година.**

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Сашо Поцков Градоначалник на општината.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за давање согласност на Измените на Годишниот план за вработување во Општина Гевгелија за 2020 година и **Советот со 12 гласа и 5 против го усвои.**

**Точка 16. Предлог-Статутарна Одлука за дополнување на Статутот на Општина Гевгелија.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Статутарната Одлука за дополнување на Статутот на Општина Гевгелија

Бидејќи никој не се јави за збор претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Статутарната Одлука за дополнување на Статутот на Општина Гевгелија и **Советот со 16 гласа за и 1 не гласал ја усвои.**.

**Точка 17. Предлог-Одлука за усвојување на Иницијативата за дополнување на Деловникот на Советот на Општина Гевгелија**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Одлуката за усвојување на Иницијативата за дополнување на Деловникот на Советот на Општина Гевгелија

Бидејќи никој не се јави за збор претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за усвојување на Иницијативата за дополнување на Деловникот на Советот на Општина Гевгелија и **Советот со 16 гласа за и 1 не гласал ја усвои.**.

Бидејки дневниот ред беше исцрпен Претседателот на Совет ја затвори педесет и третата седница на Советот на Општина Гевгелија.

**Записничар,**
**Благој Картов**

**Претседател**
**на Совет на општина Гевгелија**
**Тодор Ристов**
**с.р.**